**Здружение на финансиски работници**
на локалните самоуправи и јавните претпријатија
Association of finance officers
of the local governments and public enterprises

Број: 0302-227
16.08.2022 година
Велес

До

____________________________

____________________________

**Предмет**: Покана за учество на обука

Почитувани,

Здружението на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија, врз основа на сопствените анализи, како и потребата и барањата за обука, потребата за меѓусебно континуирано информирање, размена на информации и зголемување на вештините, со задоволство Ве поканува на обука на тема:

**„Практични искуства и проблеми во имплементацијата на Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административни службеници и прописите од областа на работните односи во институциите на јавниот сектор – со посебен осврт на подготвување на Планот за вработување за 2023 година“**

која ќе се одржи на **24.08.2022 година (среда), во хотел „Романтик“ – Велес**.

Обуката претставува одлична можност заедно со обезбедениот квалитетен експерт-практичар, да се разменат знаења, долгогодишни искуства и добри практики за областите кои се однесуваат на низа прашања поврзани со: Подготовката на функционална анализа и на актите за внатрешна организација и систематизација, Примена на Методологијата за планирање на вработувањата во институциите на јавниот сектор, Примена на Законот за административни службеници и ***Подготовка на Предлог / Планот за вработување за 2023 година како составен дел на буџетското барање за 2023 година*** (за буџетските корисници на Буџетот на РСМ), односно ***Планот за вработување за 2023 година за правните субјекти кои немаат обврска да бараат согласност*** од Министерството за финансии и негово доставување до Министерството за информатичко општество и администрација.

Почитувани, искористете ја можноста за само **4.990 денари (со вклучен ДДВ) по учесник да обезбедите присуство и работни материјали за обуката, освежување, кафе и закуска за време на паузите.** Котизацијата за учество на обуката можете да ја уплатите на:
**Здружение на финансиските работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија,**
**сметка 300 270 000 017 628, Комерцијална Банка АД Скопје или на**
**сметка 200 000 026 137 030, АД Стопанска Банка – Велес**
**даночен број МК4004997107233**

Во функција на доброто организирање на обуката, Ве молиме да го пријавите Вашето присуство во Здружението со доставување на пополнети пријави за учество на обуката на e-mail zfrlsjpv@t.mk и kontakt_zfr@yahoo.com Формуларот за учество на обуката и агендата се поставени на нашата веб страна: https://zfr.org.mk/ За сите дополнителни информации обратете се во канцеларијата на Здружението, на тел. 043/230-623, моб. 070/265-401, 071/335-930, 076/265-136 или преку e-mail zfrlsjpv@t.mk и kontakt_zfr@yahoo.com **Транспортот е на товар на учесниците.**

Ве очекуваме да ни се придружите и заеднички да ги разрешиме сите отворени прашања и дилеми поврзани со темите од обуката.

Со почит,

Здружение на финансиски работници на локалната и јавни претпријатија ВЕЛЕС 2

Извршен директор,
м-р Зоран Јанкуловски